# Извештај за работата на Одржливи иницијативи Скопје во 2020 година

## Активности

### Простор Анти Корона

Следејќи ја светската ситуација со Корона пандемијата, остваривме соработка со НаТочак со цел поттикнување на јавната администрација да превземе одговорни активности кои ќе придонесат кон ублажување на ефектите од климатските промени, конкретно промоција на возењето велосипед. Поради што подготвивме допис до Владата, кој беше поддржан од 49 други здруженија на граѓани и граѓански иницијативи. Дописот единствено го одговори Министерство за животна средина потврдувајќи ја ситуацијата која беше опишана во писмото.

### Со точак за клима

ЦОИ во соработка со НаТочак спроведе кампања за промоција на користење на велосипед, со акцент на улогата во ублажувањето на ефектот од климатските промени. Кампањата беше во рамките на проектот „Да зборуваме за клима" спроведуван Еко Свест, ДЕМ и ЦНВП.

Буџет: 123.200,00 денари. Извор на финансирање: EU.



### Превоз во време на Корона

Во рамките на соработката со НаТочак, подготвивме анкета за промената на навиките во транспортот на граѓаните на Скопје. Податоците беа понатаму обработени и споделени во рамките на кампањата Со точак за клима.

### Протокол за спречување на ширење на Ковид 19 во велосипедскиот туризам

ЦОИ предводеше процес на подготовка на протокол за спречување на ширење на Ковид 19 во велосипедскиот туризам, како дел од проектот Ковид протоколи за авантуристичкиот сектор во планинарење, алпинизам и планински велосипедизам, раководен од Здружение за заштита и спасување во планина и непристапен терен Асклепиј Скопје. Во изработката на протколот учествуваа 16 даватели на услуги: туристички агенции и туристички водичи на велосипед.

Буџет: 80.400,00 денари. Извор на финансирање: GIZ

**Здружение на граѓани**
**Центар за**
**одржливи иницијативи - Скопје**

## Човечки капацитети

| Човечки капацитет | |
|---|---|
| доброволци | членови |
| 25 | 33 |



## Социјален велосипедски центар „Педала“

Поради настанатата ситуација со Корона пандемијата и насоките од Владата да не се вршат групирања, како и заради безбедноста на волонтерите, донесена е одлука да се затвори просторот на Педала во Тавталиџе, се додека не се створат повторно услови за слободно и безбедно групирање на луѓе. Опремата на Педала е префрлена на времена локација во Аеродром каде под строги протоколи е дозволено само на неколкуте Педала доброволци да вршат активности. Активностите на Педала продолжија во драстично намален обем, организирани на отворено и во зависност од препораките од Владата.

**Педала образование**: Во текот на 2020 година, се организираше една работилница во септември за Основи на одржување, на која присуствуваа шест лица. Активноста се спроведе на отворено и во согласност протоколите за спречување на ширење на Корона вирусот.

**Донирај точак**: И покрај тешката ситуација што настана со Корона пандемијата, со Педала активноста Донирај точак успеавме да добиеме, провериме, поправиме, и понатаму донираме дури 4 точаци. Три од тие точаци ги дониравме преку Здружените на граѓани Проект Среќа, со што отворивме соработка со уште една хуманитарна организација каде ги донираме точаците.



## Финансии

Приходите кои ги оствари ЦОИ во текот на 2020 година беа пред се од давање на услужни услуги, односно консултантски услуги, додека членарината како извор на финансирање драстично ни се намали.







